**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 1403-57/2**

**Скопје, 13.01.2006 година**

**ДО**

**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ЕДИНИЦАТА**
**НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА „ДОЛНА БАЊИЦА„**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Органот на Општина Долна Бањица за 2004 година, кои се прикажани на страните од 10 до 12.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 55 од Законот за буџетите, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Органот на Општина Долна Бањица за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од :

- Демир Беќири - градоначалник на општина Долна Бањица од 01.01.2004 до 31.12.2004 година

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните 1 до 9 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во период од 26.09. до 30.09.2005 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија во состав:

- Лилјана Стојанова, помошник на ГДР и овластен државен ревизор
- Катица Николовска, ревизор
- Билјана Сурлевска, ревизор
- Катерина Чаловска , помлад ревизор.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. На ден 04.01.2006 година со писмо број 1404-14/1 примени се забелешки по Предходниот извештај на овластениот државен ревизор од одговорното лице на субјектот за периодот кој е предмет на ревизија. Истите се разгледани и е констатирано следното:

- забелешките на точките 10.2.2. ;10.3.2.;10.3.4.;10.3.5.и 10.3.6. кои се однесуваат на неправилности во делот на преземање на мерки за утврдување на состојбите на укинатиот Фонд, исплата на надоместоци, исплата на хранарина и трошоците по основ на комуникација не се прифаќаат од причина што е постапено спротивно на законските прописи.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2004 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**11.1. Неправилна примена на акти**

11.1.1. Не е покрената иницијатива ниту е извршено усогласување на Статутот и на актите за организација и работа и актите за систематизација на работните места согласно членовите 57, 58, 91 и 94 од Законот за локална самоуправа (Сл весник на РМ 5/2002), во законски утврдените рокови. Неусогласувањето на актите во законски утврдените рокови го нарушува принципот на законско работење на единицата на локалната самоуправа, како и го оневозможува пополнувањето на оптималниот број на работни места.

**Препорака:**

Ревизијата не изразува препорака по овој наод од причина што со измените во Законот за територијалната организација на единиците на локална самоуправа во Република Македонија, оваа општина станува населено место на општина Гостивар.

**11.2. Неправилна примена на сметководствени политики и начела**

11.2.1. Сметководствената евиденција на промените на финансиските трансакци се врши на основа на принципот на пресметковно евидентирање што е во спротивност со член 18 од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници. Ова е од

причина што не е напуштена старата сметководствена пракса и покрај децидните одредби на Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници. Како ефект од примената на пресметковниот принцип во сметководството се нереални финансики извештаи.

**Препорака:**
Одделението за сметководство на општина Гостивар да ги има во вид ефектите од овој вид на евидентирање во сметководството кој бил присутен во досегашната општина Долна Бањица.

11.2.2. По укинување на Фондот за уредување и употреба на градежно земјиште на општина Долна Бањица, не се превземани активности за утврдување на состојбите на материјалните средства и нивните извори, на паричните средства, залихите, побарувањата и обврските, што е во спротивност со Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници во услови на стаусни промени кај корисниците. Како ефект од ова е нереално утврдување на состојбата на средствата и изворите и на побарувањата и обврските и нереални финансиски извештаи.

**Препорака:**
При секоја статусна промена кај субјектот се врши попис и усогласување на средства и изворите, побарувања и обврски со цел јасно утврдување на состојбата и изготвување на реални финансиски извештаи.
Службата надлежна за сметководство во општина Гостивар да превземе активности во однос на утврдување и расчистување на овие состојби.

11.2.3. Со извршениот попис на материјалните средствата и нивните извори со состојба на 31.12.2004 година не е извршено усогласување на сметководствената состојба со состојба утврдена со пописот што е во спротивност со одредбите на Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници и Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници.

- Спротивно на член 33 од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, не е изготвен извештај од пописната комисија за извршениот попис на материјалните средства и ситниот инвентар со кои располага општина Долна Бањица.
- Општина Долна Бањица нема обезбедено имотни листи за имотот со кој располага и не е спроведено Решението на Владата на Република Македонија број 23-257/30 од 08.02.2000 година за пренесување право на сопственост на недвижен имот од Република Македонија на општина Долна Бањица врз основа на спроведен делбен биланс.
- Не е пресметана амортизација на долгорочните средства согласно годишните стапки за отпис на долгорочните средства за буџетите и буџетските корисници пропишани во Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници.

Не применување на одредбите од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници влијае на утврдување на реалната состојба на средствата и нивните извори.

**Препорака:**
Надлежните служби на општина Гостивар да превземат активности во делот на обезбедување на имотни листи за имотот кој и е отстапен на општина Долна Бањица, како и утврдување на неговата вредност.
Да се преземат мерки и активности Комисијата за попис да врши попис на средствата и изворите во согласност со законските прописи, и да врши задолжително усогласување на состојбата на средствата и нивните извори, меѓу фактичката и сметководствената состојба.

## 11.3. Неправилности во искажувањето на приходите/расходите

11.3.1. Позицијата Приходи во делот на ставката Трансфери од други нивоа на власт е преценета во износ од 635 илјади денари поради пресметковно евидентирање на приходи по основ на сметководствено затворање на обврски кон Фондот за уредување и употреба на градежно земјиште на општина Долна Бањица.
Имено, во претходнииот период, поради недостиг на финансиски средства, на Органот на општина Долна Бањица континуирано од Фондот се давани позјмици. Овие средства во своето сметководство општината не ги евидентира како приходи во моментот на добивање на позајмицата што е во спротивност со Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници.
По укинувањето на Фондот извршено е пресметковно затварање на меѓусебните обврски и побарувања, па по тој основ се искажани приходи, резултат на истото се нереални финансиски извештаи.
**Препорака:**
Доследна примена на Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници каде приходите се признаваат во пресметковниот период во кој настанале, според критериумот на мерливост и расположливост.

11.3.2. Ставката Основни плати и наемнини во Билансот на приходи и расходи во делот на потставката Основни плати функционери , е преценета во вкупен износ од 50 илјади денари за исплатената нето плата на Секретарот на Советот, за кој износ е потценета потставката Основни плати работници. Наведеното е спротивно на одредбите на Законот за локална самоуправа и Законот за исплата на плати во Република Македонија.
Поради непостоење на акт за пресметка на плата на погоре наведеното лице, во согласност со критериумите кои важат за вработените во органите на општината, ревизијата не е во состојба да го квантифицира ефектот на предходниот наод врз вишокот на приходи над расходи.
**Препорака:**
При исплатата на платите треба да се почитуваат одредбите од Законот за исплата на плати во Република Македонија .

11.3.3. Незаконски се исплатени 108 илјади денари на име плати, даноци и придонеси за градоначалникот и секретарот на советот поради погрешно утврдена основица за исплата на нето платите. Имено, за наведените лица, во нето платата вкалкулиран е функцонерски паушален надомест, кој понатаму предизвикува неоснована исплата на повисоки даноци и придонеси. Ефект од овие исплати е преценување на позицијата Плати, наемнини и надоместоци во износ од 108 илјади денари и потценување на Вишокот на приходи над расходи.
**Препорака**:
Да се почитуваат одредбите од Законот за исплата на плати во Република Македонија и Законот за исплата на плати и други надоместоци на пратениците во собранието на РМ и на другите избрани и именувани лица во Република Македонија.

11.3.4. Ставката Нето основни плати и наемнини е преценета во износ од 24 илјади денари за кој износ е потценет вишокот на приходи над расходи поради повеќе исплатени надоместоци за хранарина од законски утврдените.
Имено надоместоци по овој основ се исплатени за 12 месеци, спротивно на Колективниот договор за државните, правосудните и органите на локалната самоуправа.
**Препорака**:
Примена на одредбите од Колективниот договор за државните, правосудните и органите на локалната самоуправа.

11.3.5. За претседавачот на советот месечно се врши исплата на паушал во износ повисок од утврдениот со член 100 од Законот за локална самоуправа. Поради тоа незаконски се исплатни 45 илјади денари и извршено е преценување на ставката Нето основни плати и наемнини за кој износ е потценет вишокот на приходи над расходи.

**Препорака**:

При утврдување на надоместоците за советниците да се применува член 100 од Законот за локална самоуправа.

11.3.6. Ставката Комуникација и транспорт е преценета за износ од 79 илјади денари за кој износ е потценет Вишокот на приходи над расходи за набавка на гориво за возила кои не се сопственост на општината а нема донесено Одлука за користење на други возила за службени цели.

Исто така ревизијата констатира дека кај возило во сопственост на општина Долна Бањица во деновите 13 јануари и 2 јуни 2004 година во разлика од неколку минути набавени се големи количини гориво, за кои ревизијата изразува сомневање дека се направени за потребите на општината.

Немањето на внатрешни контролни постапки доведува до зголемени и нереални трошоци за одредени намени.

**Препорака:**

Надлежното одделение во Општина Гостивар да донесе акт со кој ќе се регулира користењето на службените возила како и на други возила за службени цели како и да се утврди процедура со секоја сметка за гориво да има прилог на налог за користење на службено возило односно да се води евиденција за поминатите километри и потрошеното гориво по возило.

11.3.7. Ставката Тековно одржување е преценета за износ од 130 илјади денари за кој износ е потценета ставката Вишок на приходи над расходи поради пресметковно евидентирани расходи спротивно на одредбите од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници.

Имено, евидентирани се расходи во износ од 505 илјади денари по основ на фактури за за зимско одржување на патишта, за реконструкција на полумонтажен армиран мост во с. Горна Ѓоновица и за партерно уредување на училиште. По овие фактури и договори во текот на 2004 година исплатени се 375 илјади денари. Не применување на сметководственото начело на паричното искажување на приходите и расходите придонесува до нереално искажување на Вишокот на приходи над расходи.

**Препорака:**

Доследна примена на паричниот принцип на евидентирање на промените во сметководството согласно Законот за сметководство за буџети и буџетски корисници односно доследна примена на член 18 од законот.

11.3.8. За износот на искажаните расходи во вкупна вредност од 893 илјади денари финансиската документација е некомплетна спротивно на Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, нема налози за работа, времени ситуации за објектите кои се во градба, потпис од овластено лице од општината кое ќе гарантира дека работата е извршена односно дека материјалите се вградени, работни налози и спецификација на потрошени часови и денови за рачистување на патиштата и слично од кои ревизијата би можела да се увери во реалноста на истите.

Овие расходи се однесуваат на :

- ставката Материјали 199 илјади денари за набавки на ивичњаци и бехатон плочки од Ересе комерц;
- ставката Тековно одржување 375 илјади денари (наведени во претходната точка);
- ставката Договорни услуги 319 илјади денари за зимско одржување на патишта и ископ на земја во с. Д. Бањица.

Немањето на соодветни интерни контролни постапки доведува до зголемени трошоци, непоткрепени со исправна и комплетна документација и можни злоупотреби.

**Препорака:**

Да се почитуваат одредбите од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и да се воспостават внатрешни контроли за уредно ликвидирање на документацијата пред исплатата на истата.

11.3.9. Ставката Трансфери до други нивоа на власт е преценета за вкупно искажаниот износ од 2,818 илјади денари поради погрешно пренесување на состојбите кон добавувачите од Фондот за уредување и употреба на градежно земјиште.

Имено поради негово укинување, согласно законските одредби, неплатените обврски кон добавувачите од 2,818 илјади денари се превземени од Органот на општина Долна Бањица. Наместо овие обврски да се искажат на сметките за Активни временски разграничувања и Добавувачи во земјата согласно Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, истите се искажани на оваа ставка така што како ефект извршено е потценување на Вишокот на приходи над расходи во Биланост на приходи и расходи за 2004 година и потценување на ставката Активни временски разграничувања и Добавувачи во земјата за истиот износ во Билансот на состојба на ден 31.12.2004 година.

11.3.10. Поради погрешна сметководствена евиденција ревизијата утврди нереално искажување на расходите во Билансот на приходи и расходи, спротивно на Правилникот за содржината на одделните сметки во сметковниот план за корисниците на буџетите и тоа:

- Ставката Нето основни плати и наемнини е преценета за износ од 868 илјади денари, а поради што е потценета ставката придонеси од плати и персонален данок за погрешно евидентираните даноци и придонеси;
- Ставката Материјали е преценета во износ од 199 илјади денари за кој износ е потценета ставката Изградба реновирање и унапредување за погрешно евидентираната фактура од Ересе комерц за набавка на бехатон плочки и ивичњаци;

**Препорака:**

При евидентирањето на расходите правилно да се преминува Правилникот за содржината на одделни сметки во сметковниот план за буџетските корисници.

11.3.11.На ставките Материјали, Тековно одржување, Договорни услуги, Други оперативни расходи и Основно и специјално одржување евидентирани се расходи по основ на набавки во готово преку благајната на општината со сметкопотврди во вкупен износ од 310 илјади денари за кои нема обезбедено фискални сметки, спротивно на Законот за регистрирање на готовинските исплати. Ваквиот начин на работење доведува до можни злоупотреби на средствата со кои располага единицата на локална самоуправа.

**11.4.Неправилности во искажувањето на билансот на состојба**

11.4.1. Спротивно на Законот за Буџети член 36, неискористените средства на сметката на Органот на општина Долна Бањица на ден 31 декември 2004 година во износ од 16 илјади денари не се вратени на сметката на буџетот. Поради тоа извршено е преценување на ставките Парични средства и Пасивни временски разграничувања, а потценување на ставката Трансфери и донации во Билансот на приходи и расходи кај сметката на буџетот и нереални финансиски извештаи.

**Препорака:**

Согласно законот за буџетите, неискористените средства се враќаат на сметката на буџетот и истите повторно се планираат со буџетскиот документ за наредната година.

11.4.2. Салдата на ставките Краткорочни финансиски побарувања и Финансиски пресметковни односи проценети во вкупен износ од 53 илјади денари се нереално искажани поради погрешно спроведени книжења спротивно на Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, за вратени средства од вработено лице, како и исплатени средства на Телеком за кои не постои документ (фактурата е изгубена, но потекнува од 2002 година) и ненаплатените побарувања од ЈКП „Чешме" по неговот укинување. Авансот е вратен, обврската е реална и исплатена, така што не постои основ за нивно искажување во Билансот на состојба, истото придонесува до нереални билансни позиции и нереални финансиски извештаи.

**Препорака:**

Точно утврдување и искажување на состојбите. Надлежните органи во општина Гостивар да преземат мерки согласно законските одредби да донесат одлука за нивно регулирање односно расчистување на овие позиции.

11.4.3. Ставката Активни временски разграничувања која во Билансот на состојба е проценета во износ од 194 илјади денари е резултат на евидентираните промени од 2003 година на основа пресметковно утврдените непокриени расходи во 2003 година (183 илјади денари), како и за исплатен аванс за службено патување во странство (11 илјади денари) исто така од 2003 година, кој аванс не е регулиран. Ваквиот начин на евидентирање кој е спротивен на Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници придонесува до необјективни финансиски извештаи.

**Порепорака:**

Надлежните служби да првеземат мерки за усогласување на наведените позиции без нарушување на паричниот принцип на искажување на приходите и расходите и да преземат мерки за регулирање на исплатениот аванс за службено патување во странство.

11.4.4. Ставката Залихи е прецепнета за износ од 16 илјади денари поради што извршно е преценување на ставката Извори на други средства за неизвршениот отпис на вкупно евидентираниот ситен инвентар кој е даден во употреба во моментот на неговата набавка, односно извршен отпис 100%, спротивно на одредбите од Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници. Немањето на соодветна сметководствена политика за евидентирање на набавката и давањето во употреба на ситниот инвентар, придонесува за нереални билансни позиции.

**Препорака:**

Примена на одредбите од Правилникот за сметководство за буџети и буџетски корисници во делот на евидентирање на набавениот ситен инвентар и неговото давање во употреба со соодветно зголемување и намалување на Фондот на залихи на материјали и ситен инвентар. Одделението за сметководство на општина Гостивар да ја има во вид оваа сметководствена политика и да ја практикува.

11.4.5. Ставката Материјални средства во делот на подставката Исправка на вредноста на материјалните средства е подценета во износ од 183 илјади денари за погрешно пресметаната исправка на вредноста на материјалните средства за 2004 година. Имено, за пресметка на исправката на вредноста се користат стапки помали од оние пропишаните во Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници предвидени со прегледот на Годишните стапки за отпис на долгорочните средства за буџетите и буџетските корисници.

Причина за примената на помали стапки за исправка на вредноста на долгорочните средства во однос на пропишаните е неинформираноста на одговорните лицата дека постојат нови стапки предвидени со Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници.

Како ефект од ова извршено е преценување на Изворите на капиталните средства за истиот износ од 183 илјади денари.

**Препорака:**
Примена на стапките предвидени со прегледот на Годишните стапки за отпис на долгорочните средства за буџетите и буџетските корисници.

11.4.6. Набавени се пет мобилни телефони во вкупна вредност од 62 илјади денари кои не се евидентирани како основни средства. Поради тоа извршено е потценување на ставките:

- Материјални средства во износ од 62 илјади денари,
- Исправка на вредноста во износ од 7 илјади денари и
- Извори на капитални средства во износ од 55 илјади денари.

Овие мобилни телефони не се евидентирани во пописните листи од пописот за 2004 година, ниту се изготвени реверси за задолжување на лицата кои ги користат овие телефони.
**Препорака:**
Надлежното одделени на Општина Гостивар да превземе мерки за задолжување на лицата кои ги користат телефоните и да се воведат во евиденцијата на основните средства согласно Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници.

11.4.7. Постои неусогласеност помеѓу позицијата Парични средства и Вишок на приходи над расходи. Наместо вишок на приходи кај органот на општина Долна Бањица имаме Непокриени расходи и други долгорочни кредити и заеми која во Билансот на состојба е проценета во износ од 2,462 илјади денари, која ставка е нереално утврдена како резултат на погрешно избраниот принцип на евидентирање на финансиските промени. Овој принцип се применува долги години.
Ова е спротивно со одредбите во член 18 од Законот за сметководство на буџети и буџетски корисници каде признавањето на приходите и расходите во главната книга се спроведуваат според сметководствено начело на парично искажување, односно нивно признавање во периодот кога настанале. Резултат на ваквиот начин на евидентирање на финансиските трансакции придонесува до нереални финансиски извештаи.
**Препорака:**
Надлежното одделение за сметководство во Општина Гостивар да преземе мерки да ги усогласи состојбите на сметката и Вишокот на приходи над расходи и така расчистените состојби да ги евидентира во сметководствените евиденции на општина Гостивар .

### 10.5. Ненаменско и незаконско користење на средствата

10.5.1.Неприменување на одредбите од Законот за јавни набавки:

- Не е спроведена соодветна постапка за јавни набавки во вредност од 873 илјади денари (Прилог бр.1).
- Не е донесен интерен акт – Правилник за регулирање на начинот и постапката на набавките од мала вредност;
- Не се води посебна евиденција за малите набавки.

Неприменување на одредбите од Законот за јавни набавки придонесува за фаворизирање на одредени субјекти, ја елиминира конкуренцијата и придонесува за набавки по зголемени цени.
**Препорака:**
Да се обезбеди целосна примена на Законот за јавни набавки во сите негови аспекти во зависност од видот и вредноста на набавката, а особено:

- да се донесе план за вкупните потреби за набавки во тековната година по видови на производи (стоки), услуги и работи, со кој се определува и динамиката за реализација на набавките и постапката за јавна набавка која ќе се користи;

- да се донесе интерен акт за регулирање на начините на набавките од мала вредност.

12. Вкупниот ефект од изнесените наоди во точките од 11.3. е преценување на приходите за 635 илјади денари и преценување на расходите во износ од 3.204 илјади денари, и потценување на вишокот на приходи над расходи за износ од 2.569 илјади денари во Билансот на приходи и расходи за 2004 година. Вкупниот ефект од наодите во точките 11.4. е подценување на билансните позиции во Билансот на состојбата за 2004 година во вкупен износ од 206 илјади денари.

13. Според наше мислење, а поради значајноста на прашањата изнесени во точките 11.2., 11.3. и 11.4., финансиските извештаи не ја прикажуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Органот на општина Долна Бањица на ден 31 Декември 2004 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

14. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точките 11.3., и 11.5, кај Органот на општина Долна Бањица не е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2004 година.

**Скопје, 04.01.2006 година**

**Овластен државен ревизор**
**Лилјана Стојанова**

**ОРГАН НА ОПШТИНА ДОЛНА БАЊИЦА**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2004**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Даночни приходи | 3.4. | 4 | 0 |
| Неданочни приходи | 3.5. | 9 | 86 |
| Трансфери и донации | 3.6. | 6,697 | 5,158 |
| **Вкупно приходи** | | **6,710** | **5,244** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.1.1. | 2,710 | 2,320 |
| Стоки и други услуги | 3.1.2. | 3,006 | 2,828 |
| Тековни трансфери | 3.1.3. | 2,849 | 106 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **8,565** | **5,254** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Купување на капитални средства | | 0 | 173 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **0** | **173** |
| **Вкупно расходи** | | **8,565** | **5,427** |
| **Непокриени расходи** | 3.2. | **1,855** | **183** |

**ОРГАН НА ОПШТИНА ДОЛНА БАЊИЦА**

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 16 | 1 |
| Краткорочни финансиски побарувања | 4.1.2. | 3 | 1 |
| Финансиски и пресметковни односи | 4.1.3. | 50 | 50 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.4. | 194 | 194 |
| Залихи | 4.1.5. | 16 | 16 |
| **Вкупно тековни средства** | | **279** | **262** |
| **Постојани средства** | | | |
| Материјални средства | 4.2.1. | 2,506 | 612 |
| **Вкупно постојани средства** | | **2,506** | **612** |
| **Непокриени расходи и други долгорочни кредити и заеми** | **4.3.** | 2,462 | 608 |
| **Вкупна актива** | | **5,247** | **1,482** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.4.1. | 2,663 | 199 |
| Финансиски и пресметковни односи | | 0 | 635 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.4.2. | 74 | 32 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **2,737** | **866** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.5.1. | 2,510 | 616 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **2,510** | **616** |
| **Вкупна пасива** | | **5,247** | **1,482** |

**ПРЕГЛЕД**

**НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2004 ГОДИНА**

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2004 година** | **600** | **16** | **616** |
| **Зголемување по основ на:** | **1,951** | **-** | **1,951** |
| Набавки | | - | **-** |
| Ревалоризација на капитални средства | | | **-** |
| Превземени основни средства | 1,951 | | |
| **Намалување по основ на:** | **57** | **-** | **57** |
| Амортизација на отпишани капитални средства | | - | **-** |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | | | **-** |
| Амортизација | 57 | | **57** |
| **Состојба 31.12.2004 година** | **2,494** | **16** | **2,510** |

*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*

## ПРИЛОГ БРОЈ 1

Преглед на извршени набавки без спроведена постапка за јавни набавки

во 000 денари

| Р.бр | Предмет на набавка | Добавувач | договор | Износ | забелешка |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Набавка на бекатон и ивичњаци во врска со набавка р.б. 3 | Ересе- комерц Гостивар | нема | 199 | |
| 2 | Зимско одржување на патишта | А-Н Арѓент Гостивар | 08-151 02.12.2003 | 350 | Износот се однесува на доставените фактури,а не на договорот |
| 3 | Партерно уредување на ОУ Петре Јовановски во с. Д.Бањица | Реда Компани с. Долна Бањица | 08-39 13.04.2004 | 150 | Со договорот е опфатено само вградување на бекатон |
| 4 | Изработка на технички проект за фекална канализација за с. Д. Бањица | Славеј Експорт | нема | 55 | Нема прибрано 3 понуди |
| 5 | Ископ на земја во извори во с. Г.Бањица | А-Н Арѓент | нема | 119 | Нема прибрано 3 понуди |
| | **Вкупно** | | | **873** | |